Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/16
28. 12. 2023 год.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БР. 3-2023/2024**

**Скопје, 28.12.2023**

# С О Д Р Ж И Н А

Правилник за обезбедување квалитет на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН....69

Реферат за избор на еден наставник во сите насловни звања од областа 51128 Социологија-Европска интеграција (друго).........................................................................................75

Согласно член 94, алинеа 43 од Законот за високото образование и член 62, алинеа 44 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Универзитетскиот сенат, на 06.12.2023 го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

## Општи одредби

### Член 1

Правилникот за обезбедување квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (во понатамошниот текст Универзитет АУЕ - ФОН) ги уредува политиката, целта, намената, принципите, подрачјата, како и структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на АУЕ - ФОН.

### Член 2

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН претставува основа за воспоставување, проверка и унапредување на сите дејности и процеси Универзитетот, во согласност со Законот за високото образование, националните стратегии за образование, Европската стратегија за универзитетите, насоките од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование - стандардите, националните прописи и принципите на болоњската декларација.

За успешно спроведување на Политиката за квалитет, АУЕ – ФОН поттикнува меѓусебна соработка на сите вработени (наставниот и ненаставниот кадар) и студентите, како и постојаната комуникација и соработка со Алумни заедницата, со другите високобразовни домашни и странски институции и стопанството.

### Член 3

Основната цел на системот за обезбедување и управување со квалитетот е изградба на механизам за континуирано подобрување на квалитетот на работењето на АУЕ - ФОН и неговите единици, односно постигнување на највисок степен на квалитет во наставно-образовната, научно-истражувачката, уметничката, стручната и административната дејност на АУЕ - ФОН и единиците во неговиот состав, преку унапредување на сите процеси и нивните резултати.

Целта на системот за квалитет е воспоставување начела, критериуми и постапки за обезбедување квалитет во согласност со општоприфатените стандарди за обезбедување квалитет европскиот високообразоевн простор.

Основен услов за исполнување на целта на системот за контрола на квалитетот е критичкото согледување на состојбите на АУЕ - ФОН во приоритетните области определени со овој Правилник и промовирањето култура на квалитет во сите сфери на работење на Универзитетот

## Мерки и активности за обезбедување на квалитет

### Член 4

Осигурувањето на квалитет во исполнувањето на целта на политиката за обезбедување квалитет на Универзитетот вклучува:

- воспоставување и функционирање на организациската структура во согласност со законската регулатива;
- подигнување на квалитетот на наставата и студирањето;
- континуирано следење и подобрување на квалитетот на студиските програми;
- развивање на нови студиски програми во согласност со потребите на пазарот на трудот и развојните потреби на општеството и економијата;
- развивање заеднички студиски програми со странски универзитети;
- применување на современи методи, техники и методологија во образовниот процес согласно европските и светските трендови во високото образование, како и потребите на корисниците на високото образование;
- развивање на соработката на национално, регионално и меѓународно ниво со други високообразовни институции;
- поврзување со странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;
- вклучување во програми за мобилност на студентите, наставниот и административниот кадар;
- учество во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти;
- унапредување на знаењето и компетенциите на наставниот и ненаставниот кадар;
- оптимално користење на материјалните и човечките ресурси;

унапредување на квалитетот на научноистражувачката работа;

- развивање функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата и нивно вклучување во развојните планови на АУЕ - ФОН;
- унапредување на квалитетот на библиотекарските и информациските ресурси;
- унапредување на квалитетот на условите за работа, просториите и опремата;
- зајакнување на улогата на вработените и студентите во процесот на самоевалуација и оценување на квалитетот;
- континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет и други активности.

### Член 5

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН ќе се реализира преку следните механизми (постапки):

- професионален пристап во работењето и почитување на етичкиот кодекс;
- создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот;
- постојана комуникација и одржување партнерски однос со корисниците на услуги што ќе доведе до исполнување на нивните барања во целост, во согласност со законските регулативи, стандардите и добрата пракса;
- подобрување на компетентноста на наставно-нучниот и административниот кадар преку континуирани обуки и вклучување во научноистражувачки проекти и меѓународни развојни програми;
- тимска работа, споделување на стекнатото знаење и можност за афирмација на секој вработен;

- учество на студентите во управувањето и одлучувањето, посебно во врска со прашањата што се од значење за квалитетот на наставата;

- континуирана соработка со стопанството;

- перманентно следење и преиспитување на поставените цели.

**Член 6**

Мерките за следење, обезбедување и подобрување на квалитетот ги опфаќаат следните активности:

- преиспитување и подобрување на Политиката за квалитет;

- формирање и развој на институционална рамка на систем за управување со квалитет, пратење и преиспитување на сите области за обезбедување квалитет, утврдување на релевантни индикатори за квалитет и активности за преиспитување и унапредување на квалитетот за секоја дефинирана област;

- континуирано следење и усогласување со стандардите усвоени од Националниот совет за високото образование и научноистражувачката дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование;

- задолжителна самоевалуација во сите области во интервал од најмногу 3 години, а по потреба и во пократки интервали;

- семестрално анкетирање на студентите преку анонимно пополнување на прашалник за квалитетот на наставно-образовниот процес, студиските програми, наставниот, соработничкиот и административниот кадар, функционирањето на стручните служби и друго;

- периодична анализа за проверка на квалитетот на образованието на АУЕ - ФОН во целина, која ќе ги утврди предностите/силните страни, слабостите, можностите и опасностите/заканите (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats – SWOT анализа);

- следење и усовршување на активностите за реализација на корективните мерки предложени по анализата на податоците добиени преку постапките за следење на квалитетот;

- проширување на меѓународната соработка, особено преку спроведување заеднички студиски програми, размена на наставници, соработници и студенти и заедничко учество во научни проекти;

- стручно усовршување и едукација на сите субјекти вклучени во процесот за обезбедување и унапредување на квалитетот;

- општествената одговорност на Универзитетот преку обезбедување можности за студирање на студенти со посебни потреби и студенти кои припаѓаат на чувствителните групи;

- зајакнување на соработката со бизнис секторот и Алумни заедницата, како значаен извор на повратни информации во однос на квалитетот на студиските програми, стекнатите компетенции, примената на стекнатите знаења во пракса, портребата од доквалификација и друго;

- развој на програми за професионално усовршување на дипломираните студенти и друго.

## Области и субјекти за обезбедување на квалитет

**Член 7**

Подрачја (области) за обезебдување на квалитет согласно Стратегијата за обезбедување на квалитет се:

- политики за обезбедување квалитет;
- подготвување, одобрување, континуирано пратење и периодична ревизија на студиските програми;
- учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
- запишување и напредување на студентите, признавање и дипломи;
- наставен кадар, наставна и научноистражувачка и уметничка дејност;
- ресурси за учење и поддршка на студентите;
- управување со информации;
- информирање на јавноста;
- меѓународна соработка и интернационализација;
- периодично надворешно обезбедување квалитет.

**Член 7**

Системот за обезбедувањње на клвалитет се обезбедува преку следниве Субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот:

- Советот на основачот,
- Универзитетскиот сенат,
- Ректорот,
- Ректорската управа,
- Деканите на факултетите,
- Наставно-научните совети на факултетите,
- Телата за обезбедување и унапредување на квалитетот,
- Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет,
- Комисијата за самоевалуација,
- Наставниците,
- Соработниците,
- Ненаставниот кадар,
- Студентското собрание,
- Студентите .

**Член 8**

Субјектите имаат право и обврска да учествуваат во активностите со кои се реализираат мерките за обезбедување и унапредување на квалитетот на АУЕ - ФОН. Правата и обврските на сите субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот се уредуваат со Статутот, општите акти, одлуките и документите кои ги донесуваат органите на АУЕ - ФОН.

АУЕ - ФОН, односно постојаните тела одговорни за обезбедување на квалитетот, треба да поттикнуваат развој на системот за квалитет на АУЕ - ФОН преку постојани активности, заради подобра ефикасност во сите дејности на АУЕ - ФОН, како и поголемо ниво на интеграција на АУЕ - ФОН.

**Надлежности на**
**Комисијата за развој и имплементација на политика за квалитет**

**Член 9**

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет е стручно и советодавно тело кое во соработка со другите органи и тела на АУЕ - ФОН ги планира, следи, анализира и управува со постапките за оценување на квалитетот на АУЕ - ФОН и предлага мерки за подобрување и зголемување на квалитетот.

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет има надлежност да:

- предлага стратегија и план на активности за обезбедување и управување со квалитетот;
- го следи остварувањето на Стратегијата, стандардите и процедурите за квалитет и предлага мерки за отстранување на воочените слабости, со цел подобрување на квалитетот;
- предлага критериуми, стандарди и постапки поврзани со обезбедувањето и управувањето со квалитетот;
- ја следи примената на правилата и процедурите за донесување, реализација и самоевалуација на студиските програми и предлага мерки за нивно унапредување;
- иницира и предлага начини и постапки за вреднување и обезбедување на квалитетот во настанообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност на АУЕ - ФОН;
- ги анализира добиените податоци во областите на внатрешно обезбедување, унапредување и оценување на квалитетот на Универзитетот и единиците во неговиот состав;
- ја промовира политиката за квалитет на АУЕ - ФОН;
- извршува и други работи од својата надлежност во согласност со овој правилник и Статутот на АУЕ - ФОН.

**Член 10**

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет ја сочинуваат по еден претставник од единиците на АУЕ - ФОН, претставник од редот на административниот кадар и претставник од редот на студентите. Комисијата ја именува Ректорската управа, за временски период од 4 години за вработените на АУЕ - ФОН со можност за повторен избор и една година за претставникот од редот на студентите со можност за повторен избор.

Со Комисијата претседава Координаторот за управување со квалитет и иновации на Универзитетот.

**Член 11**

Комсијата за обезбедување на квалитет редовно, а најмалку еднаш годишно доставува извештај за своето работење со анализи и препораки до Унуверзитетскиот сенат.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 12**

Овој Правилник ќе стапи во сила три денот на објавувањето во Билтенот на АУЕ - ФОН.

**Скопје, 06.12.2023**

**Универзитетски сенат,**
**П р е т с е д а т е л**

**проф. д-р**
**Радица Дишлиеска Граматикова**

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА 51128 СОЦИОЛОГИЈА-ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА (ДРУГО)

Врз основа на Конкурсот распишан од страна на Американскиот универзитет во Европа - ФОН во Скопје, објавен во дневниот весник "Нова Македонија" на 15.09.2023 година за избор на еден наставник во сите насловни звања од научната област: 51128 Социологија-Европска Интеграција (друго), Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки, со Одлука бр. 23-1044/3 од 18.10.2023 година, формираше Рецензентска комисија, во состав:

- проф. д-р Нелко Стојаноски - претседател
- проф. д-р Нано Ружин - член
- проф. д-р Зунун Зунуни - член

По разгледувањето на пристигнатите материјали Рецензентската комисија го доставува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневниот весник "Нова Македонија" на 15.09.2023 година за избор на еден наставник во сите насловни звања од научната област: 51128 Социологија-Европска Интеграција (друго), во определениот рок доставена е пријава од еден кандидат - доц. д-р Јован Манасијевски.
Доц. д-р Јован Манасијевски е роден во 1968 година.
Доц. д-р Манасијевски дипломирал на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на Институтот за социологија, во 1994 година со постигнат среден успех 9,55 и се стекнал со назив дипломиран социолог.
Последипломските студии, насока - европска и меѓународна политика и дипломатија, ги завршил на Факултетот за политички науки на Универзитетот ФОН со постигнат среден успех 10,00. Магистерскиот труд на тема „Развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика во контекст на динамиката на трансатланските односи‘‘ го одбранил на 02.11.2012 година и се стекнал со научниот назив магистер на политички науки, област Европска и меѓународна политика и дипломатија.
Третиот циклус студии, на студиската програма по социологија, насока - европска интеграција, ги завршил на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Докторскиот труд на тема „Стратегиските партнерства на Европската унија како

инструмент на Заедничката надворешна и безбедносна политика во контекст на мултиполарниот поредок“ го одбранил на 03.05.2017 година и се стекнал со научниот назив доктор по општествени науки од полето на социологијата - европска интеграција.
Д-р Манасијевски со Одлука на ННС на Факултетот за политички науки и дипломатија при Униврзитетот ФОН од 27.12.2018 е избран за наставник од научната област 51128 Социологија - Европска Интеграција (друго), во наставно-научно звање насловен доцент, за временски период од пет години.
Доц. д-р Манасијевски изведувал настава на Факултетот за правни и политички науки на додипломски студии на македонски јазик по предметите:

- Глобализација (III семестар во учебната 2019/2020)
- Социјална политика (IV семестар во учебната 2020/2021)
- Политика и Религија (VI семестар во учебните 2019/2020 и 2020/2021)

Исто така, доц. д-р Манасијевски изведувал настава на Факултетот за правни и политички науки на додипломски студии на англиски јазик по предметите:

- Историја на цивилизации (I семестар во учебната 2020/2021)
- Социологија (I семестар во учебната 2020/2021)

Доц. д-р Манасијевски изведувал настава и на Факултетот за детективи и безбедност на постдипломските студии по предметот Теории на конфликти во учебните 2018/2019 и 2021/2022 година.
Доц. д-р Манасијевски во последниот петгодишен период во референтни научни публикации ги има објавено следниве трудови:

- Manasijevski Jovan, 2019, “The Militarization of the EU’s Approach towards Migration”, во Contemporary *Macedonian Defence*, vol.19, no.37, pp.45-53.
- Manasijevski Jovan, 2019, “Beyond Effective Multilateralism: the EU Global Strategy Approach to Global Governance”, во Mayor F. and Ostojic N. (eds.), *Peace and Democratic Multilateralism: Proceedings of the Thirteenth ECPD International Conference*, European Centre for Peace and Development, Belgrade, pp.195-207.
- Manasijevski Jovan, 2019, “Mainstreaming Migration into the EU’s Common Foreign and Security Policy: Migration Management through Securitization and Externalization”, vo Vankovska B., Bakreski O. and Miloshevska T. (eds.), *Migrant and Refugee Crisis in a Globalized World: Responsibilities and Responses*, Faculty of Philosophy, Skopje, pp.117-131.
- Manasijevski Jovan, 2023, “Regional Disparities in Social Development: The Macedonian Case”, во *Vizione, No*.40, IADC, pp.287-301.
- Manasijevski Jovan, 2023, “Old Age as a Social Risk: Northeast’ region Condition and Challenges”, во *Knowledge, Vol.58 No.1,* pp.185-191.

Доц. д-р Манасијевски во последниот петгодишен период има изработено повеќе студии за референтни меѓународни организации:

- Manasijevski Jovan, 2019, *Analysis on the need for Revision and Upgrading of the Key Documents of the Program of Balanced Regional Development of MLS with mainstreaming social inclusion,* SIBRD Project, Swiss Agency for Development and Cooperation.

- Manasijevski Jovan, 2020, *Sectoral Study on Social Development as part of the Strategy for Regional Development of the Republic of North Macedonia for the period 2020-2030.*
- Manasijevski Jovan, 2020, *Analysis on Capacity Development for Social Inclusion for Regional Development, SADC.*
- Manasijevski Jovan, 2021, *Analytic Report on The Need for Constitution of Regional Councils for Social Protection*, SIBRD Project, Swiss Agency for Development and Cooperation.
- Manasijevski Jovan, 2021, *Report on the Need for Development of Social Services in the Northeast Planning Region, the Type and Modality for Establishment of the Services,* SIBRD Project, SADC.
- Manasijevski Jovan, 2022, *National Development Strategy 2022-2042: Thematic Baseline Analysis - Social Policy and Pension System*, UNDP.

Исто така, во овој период, доц. д-р Манасијевски е уредник на Евалуацијата на Стратегијата за регионален развој:

- Dahl A. and Manasijevski J. (eds.), 2020, *Final Evaluation of the Regional Development Strategy 2009-2019 and of the Programmes in the Planning Regions,* ECPD Study, ECPD, Belgrade.

Во претходниот период, пред изборот во доцент, д-р Манасијевски во референтни научни публикации ги има објавено следниве трудови:

- Manasijevski Jovan, 2016, “Rebalancing Bilateralism and Interregionalism: Opportunity for Reframing the EU-Russia Relations”, во Ostojic N. and Galtung J., (eds.), *Future of the World Between Globalization and Regionalization*, European Centre for Peace and Development, Belgrade, pp.130-146.
- Manasijevski Jovan, 2015, “The Strategic Partnerships as an Instrument of the EU’s Accommodation to the Emerging Multipolar Order”, *Security Dialogues*, Vol.6, Number 2-1, pp.387-399.
- Manasijevski Jovan, 2015, “External Crises and EU Strategic Actorness”, во Ostojic N., Bradley J. and Kawato A., (eds.), *New Balkans and Europe - Peace, Development, Integration*, *Tenth ECPD International Conference,* European Centre for Peace and Development, Belgrade, pp.87-103.
- Manasijevski Jovan, 2014, “The European Security Strategy and Formatting of the EU as a Functional Global Actor - Between Ambitions and Limitations”, во Dimitrijevic D. (ed.), *The Old and the New World Order - between European integration and the historical burdens: Prospects and challenges for Europe of 21st century*, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, pp.310-325.
- Manasijevski Jovan, 2014, “The Transformation of the EU’s Position in the International Order and the New Balkans”, во Togo T., Ostojic N. and Bradley J. (eds.), *New Balkans and Europe - Peace, Development, Integration, Ninth ECPD International Conference,* European Centre for Peace and Development, Belgrade, pp.55-72.
- Manasijevski Jovan, 2013, “The Common Security and Defence Policy of the European Union and the Republic of Macedonia: Transformational Partnership in Progress”, во Togo T., Ostojic N. and Bradley J. (eds.), *New Balkans in a Changing World with a Changing Europe*, *Eighth ECPD International Conference,* European Centre for Peace and Development, Belgrade, pp.39-54.

Доц. д-р Манасијевски поседува сертификати за успешно завршени специјализирани обуки во областите на: надворешната политика, регионалната соработка, преговарањето и управувањето со конфликти, меѓународните односи и меѓународната безбедност од: Конгресот на САД, Агенцијата за информации на САД, Јапонската агенција за меѓународна соработка, НАТО, Еуродифенс Франција, Западноевропската унија, Вестминстер фондацијата, меѓу кои:

- "Decision Making in US Foreign Policy", USIA, Washington DC, March - April 1997
- "Local Government Policy and Program", JICA, Tokyo, June - July 2001
- "Social Dialogue Training: Government, Labor and Employers", USAID, Ireland and Czech Republic, September - October 2003
- "House Democracy Assistance Commission Program", US House of Representatives, Washington DC, July - August 2008

Доц. д-р Манасијевски има учество на повеќе меѓународни конференции и семинари, во областите на: меѓународните односи, европската надворешна, безбедносна и одбранбена политика, и регионалната соработка и безбедност.
Доц. д-р Манасијевски бил ангажиран како консултант од страна на бројни реномирани меѓународни организации како: Швајцарската Агенција за развој и соработка, УНДП, Фондацијата Фридрих Науман, ОЕЦД.

Доц. д-р Манасијевски бил ангажиран како предавач на повеќе од триесет конференции, семинари и специјализирани обуки во земјата и во регионот во организација на владини институции, реномирани меѓународни организации како ЕУ, НАТО, ОБСЕ, ОЕЦД и домашни и странски невладини организации.
Доц. д-р Манасијевски има најнепосредно искуство во работата на повеќе реномирани меѓународни организации, меѓу другото и како:

- потпретседател на Либералната интернационала (2007-2011г.);
- шеф на Делегација на Собранието на РМ во Парламентарното Собрание на ОБСЕ (2006-2008г.);
- член на Одборот за политика и безбедност на Парламентарното Собрание на ОБСЕ (2006-2008г.);
- член на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното Собрание на Западноевропската унија (2008-2011г.);
- член на Одборот за одбрана при Собранието на Западноевропската унија (2008-2011г.).

Доц. д-р Манасијевски има дипломатско искуство како вонреден и ополномоштен амбасадор на РСМ во Република Турција.

Доц. д-р Манасијевски има повеќегодишно искуство во законодавната власт како:

- претседател на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на РМ (2008-2011г.);
- претседател на Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на РМ (2006-2008г.);
- член на Комисијата за надворешна политика на Собранието на РМ (2006-2008г.);
- член на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на РМ (2006-2008г.).

Доц. д-р Манасијевски има повеќегодишно искуство во извршната власт како:

- член на Советот за национална безбедност на РМ (2004-2009г.);

- заменик претседател на Владата на РМ (2003-2006г.);
- министер за одбрана во Владата на РМ (2004-2006г.);
- министер за труд и социјална политика во Владата на РМ (2002-2004г.).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на пристигнатите документи, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Јован Манасијевски целосно ги исполнува пропишаните услови за избор на наставник во насловно звање - вонреден професор од научната област: 51128 Социологија-Европска Интеграција (друго).

Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно- научниот совет на Факултетот за правни и политички науки да го избере доц. д-р Јован Манасијевски за наставник во насловно звање - вонреден професор од научната област Социологија-Европска Интеграција.

Скопје, 20.12.2023 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Нелко Стојаноски

______________________

проф. д-р Нано Ружин

______________________

проф. д-р Зунун Зунуни

______________________